UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
UNIVERSITY OF TETOVA

Во согласност со членот 103 точка 2, и член 149 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18); Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.76/2020), Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.116/2020), Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 149/2020), членовите 131 и 185 од Статутот на Универзитетот во Тетово; членот 15 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и за студирање на третиотциклус-докторски студии на Универзитет во Тетово; Одлуката бр. 02-998/1, од седницата на Ректорската управа на Универзитетотво Тетово, одржана на 24.03.2020 година; Одлуката од Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 44-6081/1 од 19.06.2020 година (Сл. весник бр. 166/2020), Универзитетот во Тетово објавува:

# К О Н К У Р С

за запишување студенти на третиот циклус студии-докторски студии,
во академската 2020/2021 година

## I. Студиски програми, број на студентите и износ на финансискиот надоместок за студирање

| Трет циклус студии 2020/21 | | | |
|---|---|---|---|
| **СТУДИСКИ ПРОГРАМА(ОРГАНИЗАТОР/И)** | **ЕКТС** | **Број на студенти** | **Надоместок (евра)** |
| **Наука за јазик- Филозофски факултет*** | **180** | **3** | **5650** |
| • Ориентална филологија | | | |
| **Социологија-Филозофски факултет**** | **180** | **5** | **5650** |
| • Социолополитички модул | | | |
| • Социокултурен модул | | | |
| **Педагогија-Педагошки факултет**** | **180** | **3** | **5650** |
| • Стратегија за развој на образованието | | | |
| • Стратегија за развој на наставата | | | |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО** | **Вкупно** | **11** | |

* 1 Ментор во процес на акредитација;
** 1 Ментор во процес на акредитација;

## II. Услови и начин на запишување студенти

Право за запишување на третиотциклус-докторски студии имаат лицата кои завршиле соодветни студиски програми на првиот и на вториот циклус, и кои ги исполнуваат следниве основни критериуми:

- завршен II циклус студии, усогласени со европскиот кредит-трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС-кредити );
- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обуката за истражување и едукација;
- стекната стручна подготовка според студиските програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (I и II циклус студии, односно додипломски и постдипломски студии како и за интегрирани студиии )
- познавање на еден од светските јазици,се докажува со сертификат или уверение од страна на соодветна образовна институција, меѓународен сертификат, или со диплома за претходно стекнато образование од прв циклус(додипломски студии) и втор циклус(постдипломски студии), на еден од светските јазици;
- странските државјани имаат право за упис според условите утврдени со Законот за високото образование(„Службен весник на Република Македонија“82/18);

## III.Финансирање

- Школарината за студирање на третиот циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува вкупно 5.650ЕУР (пресметано во денари според средниот курс на НБ РСМ, на денот на уплатата).
- Школарината се плаќа на 6 еднакви рати, на почетокот на секој семестар, во денарска противвредност.
- Трошоците кои ќе произлезат од користењето на одредени лаборатории на Универзитетот при изработката на докторскиот труд се определуваат посебно и нив кандидатот ги надоместува до одбраната на докторскиот труд.

**IV. Селекција на кандидатите**

- Постапката за запишување на кандидатите на третиот циклус- докторски студии ја спроведува Универзитетската конкурсна комисија.
- Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.
- Прелиминарната ранг-листа се објавува на огласната табла на Универзитетот, како и на веб-страницата на Универзитетот.
- Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена има право на приговор во писмена до Универзитетската конкурсна комисија, во рок од 36 часа од денот на објавувањето на резултатите на огласната табла на Универзитетот.
- Одлуката по приговорот се донесува во рок од 36 часа од поднесувањето и таа му се соопштува на подносителот на приговорот.
- Врз основа на подготвената ранг-листа и на писмената согласност на менторите од листата на ментори, Универзитетската конкурсна комисија донесува Одлука за запишување на кандидатите на третиот циклус–докторски студии.
- Конечната ранг-листа на примени кандидати се објавува на огласната табла, како и на веб-страницата на Универзитетот.
- Кандидатите кои во предвидениот временски рок за упис нема да извршат упис, односно нема да ја достават потребната документација за упис, или воопшто нема да се пријават, ќе се смета дека се откажуваат од уписот.

**V. Документи за пријавување:**

- пријавен лист-кандидатите го пополнуваат онлине на на веб - страницата на Универзитетот: http://www.unite.edu.mk/apply (Уписи 20/21) и при пополнување треба да ги прикачат(attach) овие скенирани документи (треба да бидат целосно скенирани и читливи):
- потврда за уплатени 1.850,00 денари на жиро-сметката на Универзитетот: на име *„административни трошоци“;*
- писмо за мотивација со назначување на областа за истражување;
- список од научни или стручни објавени трудови, или нивна копија (доколку ги има кандидатот);
- кратка биографија;
- препораки од професори или од научни работници (доколку ги има);
- извод од матичната книга на родените;
- доказ за државјанство;
- потврда за работно искуство и за видот на работните задачи кои ги извршувале за конкретното работно место;
- уверение за положени испити од прв циклус студии, односно од додипломски студии ;
- диплома од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
- уверение за положени испити од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
- диплома од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
- сертификат/уверение за познавање светски јазик од страна на соодветна образовна институција или меѓународно признат сертификат (TOEFL, IELTS, TOLES, ILEC, CSPE).
- кандидатите кои своето високо образование, прв циклус (додипломски студии) ивтор циклус (постдипломски студии), го завршиле во странство, доставуваат доказ за нострифицирани документи и за еквиваленција на оценките.
- првична согласност на потенцијалниот ментор од листата на менторите објавена на веб-страницата на Универзитетот, делот за трет циклус студии-докторски студии се поднесува по објавувањето на прелиминарната ранг-листа, во скениарана форма на е-маил адресата: doktoratura@unite.edu.mk;

**VI.Документи за запишување:**

При запишувањето, кандидатите ги поднесуваат во оригинал или фотокопија заверена кај нотар сите документи кои ги доставиле во скенирана форма и дополнително следните:

- пријавни листови за запишување (обрасците се подигаат во Канцеларија за докторски студии при Ректоратот на УТ);
- три фотографии (2 од 6x9, 1 од 4x5);
- потврда за уплатени 1.500,00денари, на жиро-сметката на Универзитетот, на име *„издавање индекс“*;
- потврда за уплатена прва рата од школарината.

**Сите горенаведени уплати да се реализираат** на жиро-сметката на Универзитетот, на следниот начин:

- во „**назив на примачот**“ - Универзитет во Тетово;
- во „**банка на примач**“ - Народна банка на Република Северна Македонија;
- во „**сметка**“ – **100000000063095**;
- во „**износ**“ – износот на финансиските средства што треба да се уплатат;
- во „**сметка на буџетски корисник – единка-корисник**“ – **1600160054 788 25;**
- во „**приходна шифра и програма**“ – **723012 43**, а во „начин“ – 2;
- во „**повикување број – задолжување**“ - соодветниот број според подолу наведениот повикувачки број:

\- 723012 – 15: трет циклус студии-докторски студии;

- во „**цел на дознака**“ - целта на уплатата (пример: административни трошоци, семестар, и др.).

**VII. Рокови за пријавување и за запишување на кандидатите**

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА УПИС НА СТУДЕНТИТЕ 2020/21 | Уписен рок |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 14-25 септември 2020 |
| Објавување на прелиминарната листа | 05 октомври 2020 |
| Одлучување по приговори | 13 октомври 2020 |
| Првична согласност на потенцијалниот ментор од листата на акредитираните ментори | 05-09 октомври 2020 |
| Објавување конечни листи | 13 октомври 2020 |
| Запишување на кандидатите | 14-16 октомври 2020 |

Наведената документација при запишување на примените студенти се доставува во Канцеларија за докторски студии при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, ул. Илинденска, б.б., 1200 - Тетово.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

Детални информации за условите за запишување, потребната документација, како и застудиските програми, заинтересираните кандидати можат да добијат во Канцеларијата за докторски студии при Ректоратот на Универзитетот во Тетово и на веб-страницата на Универзитетот.

Тел.за контакт:044-356-500

Конкурсот ќе биде објавен и на веб-страницата:**http://www.unite.edu.mk**, **Тетово, јули 2020 г.**